1922.

Врз основа на член 159 став (1) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), министерот за образование и наука донесе

П Р А В И Л Н И К

ЗА ФОРМАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕТО (ВО МАТЕРИЈАЛНА И ЕЛЕКТРОНСКА ФОРМА) И СОДРЖИНА НА МАТИЧНАТА КНИГА НА ЗАПИШАНИ СТУДЕНТИ И ГЛАВНАТА КНИГА НА ДИПЛОМИРАНИ СТУДЕНТИ

I. Општи одредби

Член 1

(1) Со овој правилник се пропишува формата и начинот на водењето (во материјална и електронска форма) и содржината на матичната книга на запишани студенти и главната книга на дипломирани студенти на високообразовните установи.

(2) Одредбите на овој правилник се применуваат и на самостојните научни институти и на придружните членки во состав на универзитетите.

Член 2

(1) Високообразовната установа, односно единицата во состав на високообразовната установа, води матична книга на запишани студенти (во понатамошниот текст: матична книга) одделно за студиите од прв, втор и трет циклус.

(2) Во матичната книга се води одделна евиденција за секоја студиска програма за која се добиени акредитација и решение за почеток со работа.

(3) Матичната книга и главната книга на дипломирани студенти на високообразовните установи (во понатамошниот текст: главна книга) се водат на начин единствен за сите високообразовни установи.

(4) Од страна на одговорното лице на високообразовната установа се овластува најмалку едно лице и најмалку еден заменик за водење на матичните и главните книги.

Член 3

Матичните и главните книги како архивски материјал од трајна вредност се чуваат во седиштето на субјектите од член 2 став (1), од овој Правилник, согласно прописите за архивски материјал.

(4)Образецот бр. 2, кој се протега на две страници, содржи податоци за студентот: реден број, број на досие, презиме, средно име и име на студентот, датум на раѓање, место на раѓање, адреса на живеење (престојување), статус на студентот (редовен/вонреден), назив на претходно завршеното образование и година на завршување, етничка припадност, занимање на родителот/студентот, назив на студиската програма, времетраење на студиската програма и број на ЕКТС кредити кои се стекнуваат, стручен назив кој се стекнува со завршување на студиската програма. На долниот дел од страницата стои текстот: „Образец бр. 2, МАТИЧНА КНИГА ЗА ЗАПИШАНИ СТУДЕНТИ НА ПРВ ЦИКЛУС НА СТУДИИ" пропишан со Правилникот за формата и начинот на водењето (во материјална и електронска форма) и содржината на матичната книга на запишани студенти и главната книга на дипломирани студенти" во рамка.

(5)Матичната книга за запишани студенти на прв циклус на студии е со црвена боја на корицата и со златно писмо и содржи 250 листа, односно 500 страници, од кои првата страница е како што е опишана во овој член, од втората до педесет и првата е Образец бр. 1, а од педесет и втората до последната е Образец бр. 2. Сите страници на книгата се нумерирани со арапски броеви во долниот десен агол.

Член 6

(1) Матичната книга на запишани студенти на вториот циклус на студии на корицата содржи грб и име на Република Македонија и назив: „МАТИЧНА КНИГА НА ЗАПИШАНИ СТУДЕНТИ НА ВТОР ЦИКЛУС НА СТУДИИ".

(2) Првата страна содржи назив: грб и име на Република Македонија, грб и име на високообразовната установа, лого и име на единицата во состав на високообразовната установа,односно на научниот институт како самостојна установа вршител на високообразовна дејност и назив: „МАТИЧНА КНИГА НА ЗАПИШАНИ СТУДЕНТИ НА ВТОР ЦИКЛУС НА СТУДИИ".

(3) Образец бр. 3 содржи назив: „МАТИЧНА КНИГА НА ЗАПИШАНИ СТУДЕНТИ НА ВТОР ЦИКЛУС НА СТУДИИ" и податоци за: име на високообразовната установа, седиште, основач, единица, седиште, број на решението за почеток со работа и датумот на издавање, учебна година за која се води книгата, научно подрачје полиња и области, назив на студиските програми за кои се води матичната евиденција: реден број, назив на студиските програми, статус на студиските програми академски/стручни, времетраење на студиските програми, ЕКТС кредити кои се стекнуваат со нивно завршување, потребен број на ЕКТС кредити од првиот и вториот циклус за завршување на студиите, стручен/научен назив со кој се стекнува студентот со дипломирањето и јазикот на кој се изведува наставата на студиските програми. На долниот дел од страницата стои текстот: „Образец бр. 3, МАТИЧНА КНИГА ЗА ЗАПИШАНИ СТУДЕНТИ НА ВТОР ЦИКЛУС НА СТУДИИ" пропишан со Правилникот за формата и начинот на водењето (во материјална и електронска

форма) и содржината на матичната книга на запишани студенти и главната книга на дипломирани студенти" во рамка.

(4) Образец бр. 4 кој се протега на две страници, содржи податоци за студентот: реден број, број на досие, презиме, средно име и име на студентот, датум на раѓање, место на раѓање, адреса на живеење (престојување), назив на претходно завршени студии од прв циклус и година на завршување, стекнати ЕКТС кредити од претходното образование, етничка припадност, занимање на родителот/студентот, назив на студиската програма, времетраење на студиската програма и број на ЕКТС кредити кои се стекнуваат, стручен/научен назив кој се стекнува со завршување на студиската програма. На долниот дел од страницата стои текстот: „Образец бр. 4, МАТИЧНА КНИГА ЗА ЗАПИШАНИ СТУДЕНТИ НА ВТОР ЦИКЛУС НА СТУДИИ" пропишан со Правилникот за формата и начинот на водењето (во материјална и електронска форма) и содржината на матичната книга на запишани студенти и главната книга на дипломирани студенти" во рамка.

(5) Матичната книга за запишани студенти на втор циклус на студии е со црвена боја на корицата и со златно писмо и содржи 100 листа, односно 200 страници, од кои првата страница е како што е опишана во овој член, од втората до триесет и првата е Образец бр. 3, а од триесет и втората до последната е Образец бр. 4. Сите страници на книгата се нумерирани со арапски броеви во долниот десен агол.

Член 7

(1) Матичната книга на запишани студенти на третиот циклус на студии на корицата содржи грб и име на Република Македонија името на Министерството за образование и наука иназив; „МАТИЧНА КНИГА НА ЗАПИШАНИ СТУДЕНТИ НА ТРЕТ ЦИКЛУС НА СТУДИИ".

(2) Првата страна содржи назив: „МАТИЧНА КНИГА НА ЗАПИШАНИ СТУДЕНТИ НА ТРЕТ ЦИКЛУС НА СТУДИИ", грб и име на Република Македонија, грб и име на високообразовната установа, лого и име на единицата во состав на високообразовната установа.

(3) Образец бр. 5 содржи назив: „МАТИЧНА КНИГА НА ЗАПИШАНИ СТУДЕНТИ НА ТРЕТ ЦИКЛУС НА СТУДИИ" и податоци за: име на високообразовната установа, односно на научниот институт, седиште, основач, единица, седиште, број на решението за почеток со работа и датумот на издавање, учебна година за која се води книгата, научно подрачје полиња и области, назив на студиските програми за кои се води матичната евиденција: реден број, назив на студиските програми, времетраење на студиските програми, ЕКТС кредити кои се стекнуваат со нивно завршување, потребен број на ЕКТС кредити од првиот, вториот и третиот циклус за завршување на студиите, научен назив со кој се стекнува студентот со дипломирањето ијазикот на кој се изведува наставата на студиските програми. На долниот дел од страницата стои текстот: „Образец бр. 5, МАТИЧНА КНИГА ЗА ЗАПИШАНИ СТУДЕНТИ НА ТРЕТ ЦИКЛУС НА СТУДИИ" пропишан со Правилникот за формата и начинот на водењето

(во материјална и електронска форма) и содржината на матичната книга на запишани студенти и главната книга на дипломирани студенти„ во рамка.

(4) Образец бр. 6 кој се протега на две страници, содржи податоци за студентот: реден број, број на досие, презиме, средно име и име на студентот, датум на раѓање, место на раѓање, адреса на живеење (престојување), назив на претходно завршени студии од втор циклус и година на завршување, вкупн стекнати ЕКТС кредити од прв и втор циклус, етничка припадност, занимање на родителот/студентот, назив на студиската програма, времетраење на студиската програма и број на ЕКТС кредити кои се стекнуваат, научен назив кој се стекнува со завршување на студиската програма. На долниот дел од страницата стои текстот: „Образец бр. 6, МАТИЧНА КНИГА ЗА ЗАПИШАНИ СТУДЕНТИ НА ТРЕТ ЦИКЛУС НА СТУДИИ„ пропишан со Правилникот за формата и начинот на водењето (во материјална и електронска форма) и содржината на матичната книга на запишани студенти и главната книга на дипломирани студенти„ во рамка.

(5) Матичната книга за запишани студенти на трет циклус на студии е со црвена боја на корицата и со златно писмо и содржи 100 листа, односно 200 страници, од кои првата страница е како што е опишана во овој член, од втората до триесет и првата е Образец бр. 5, а од триесет и втората до последната е Образец бр. 6. Сите страници на книгата се нумерирани со арапски броеви во долниот десен агол.

III. Главна книга на дипломирани студенти

Член 8

(1) Издадените дипломи и додатоци на дипломи се водат во главната книга на дипломирани студенти за прв, втор и трет циклус на студии.

(2) Главната книга се води во материјална и електронска форма.

(3) Главната книга за дипломирани студенти на прв циклус на студии се води на Образец бр. 7 и Образец бр. 8 кои се дадени во прилог и се составен дел на овој правилник.

(4) Главната книга за дипломирани студенти на втор циклус на студии се води на Образец бр. 9 и Образец бр. 10 кои се дадени во прилог и се составен дел на овој правилник.

(5) Главната книга за дипломирани студенти на трет циклус на студии се води на Образец бр. 11 и Образец бр. 12 кои се дадени во прилог и се составен дел на овој правилник.

(6) Образецот бр. 7 и Образецот бр. 8 се укоричени во една книга, Образецот бр. 9 и Образецот бр. 10укоричени во една книга и Образец бр. 11 и Образец бр. 12 се укоричени во една книга, со димензии 210 мм x 290 мм, а кога се печати и води двојазично димензиите се 250 мм x 350 мм.

Член 9

(1) Главната книга на дипломирани студенти на првиот циклус на студии на корицата содржи грб и име на Република Македонија и назив: „ГЛАВНА КНИГА НА ДИПЛОМИРАНИ СТУДЕНТИ НА ПРВ ЦИКЛУС НА СТУДИИ".

(2) Првата страна содржи грб и име на Република Македонија, грб и име на високообразовната установа, лого и име на единицата во состав на високообразовната установа и назив: „ГЛАВНА КНИГА НА ДИПЛОМИРАНИ СТУДЕНТИ НА ПРВ ЦИКЛУС НА СТУДИИ".

(3) Образец бр. 7 содржи назив: „ГЛАВНА КНИГА НА ДИПЛОМИРАНИ СТУДЕНТИ НА ПРВ ЦИКЛУС НА СТУДИИ" и податоци за студиските програми: реден број, назив на студиските програми, насоки/модули, ЕКТС кредити кои се стекнуваат со завршување на програмата, стручен назив кој се стекнува со завршување на програмата. На долниот дел од страницата стои текстот: „Образец бр. 7, „ГЛАВНА КНИГА НА ДИПЛОМИРАНИ СТУДЕНТИ НА ПРВ ЦИКЛУС НА СТУДИИ" пропишан со Правилникот за формата и начинот на водењето (во материјална и електронска форма) и содржината на матичната книга на запишани студенти и главната книга на дипломирани студенти„ во рамка.

(4) Образец бр. 8, кој што се протега на две страници, содржи податоци за студентот: реден број; реден број од матичната книга на запишани студенти на прв циклус на студии/година на запишување; број на досие; презиме, средно име и име на студентот; датум и место на раѓање; пол; етничка припадност; државјанство, име на студиската програма; стручен назив со кој се стекнал дипломираниот студент; број и датум на дипломата; број и датум на додатокот на дипломата; среден успех; стекнати ЕКТС кредити; корисник на стипендија, од кого ја прима и од кога; корисник на кредит и од кога; потпис на студентот и датум на прием на дипломата и додатокот на дипломата. На долниот дел од страницата стои текстот: „Образец бр. 8, „ГЛАВНА КНИГА НА ДИПЛОМИРАНИ СТУДЕНТИ НА ПРВ ЦИКЛУС НА СТУДИИ" пропишан со Правилникот за формата и начинот на водењето (во материјална и електронска форма) и содржината на матичната книга на запишани студенти и главната книга на дипломирани студенти„ во рамка.

(5) Главната книга за дипломирани студенти на прв циклус на студии е со црвена боја на корицата и со златно писмо и содржи 250 листа, односно 500 страници, од кои првата страница е како што е опишана во овој член, од втората до педесет и првата е Образец бр. 7, а од педесет и втората до последната е Образец бр. 8. Сите страници на книгата се нумерирани со арапски броеви во долниот десен агол.

Член 10

(1) Главната книга на дипломирани студенти на втор циклус на студии на корицата содржи грб и име на Република Македонија и наука и назив: „ГЛАВНА КНИГА НА ДИПЛОМИРАНИ СТУДЕНТИ НА ВТОР ЦИКЛУС НА СТУДИИ".

(2) Првата страна содржи грб и име на Република Македонија, грб и име на високообразовната установа, лого и име на единицата во состав на високообразовната установа, односно на научниот институт и назив: „ГЛАВНА КНИГА НА ДИПЛОМИРАНИ СТУДЕНТИ НА ВТОР ЦИКЛУС НА СТУДИИ".

(3) Образец бр. 9 содржи назив: „ГЛАВНА КНИГА НА ДИПЛОМИРАНИ СТУДЕНТИ НА ВТОР ЦИКЛУС НА СТУДИИ" и податоци за студиските програми: реден број, назив на студиските програми, насоки/модули, ЕКТС кредити кои се стекнуваат со завршување на програмата, вкупен број ЕКТС кредити кои се стекнуваат на првиот и вториот циклус на студии, стручен/научен назив кој се стекнува со завршување на програмата. На долниот дел од страницата стои текстот: „Образец бр. 9, „ГЛАВНА КНИГА НА ДИПЛОМИРАНИ СТУДЕНТИ НА ВТОР ЦИКЛУС НА СТУДИИ" пропишан со Правилникот за формата и начинот на водењето (во материјална и електронска форма) и содржината на матичната книга на запишани студенти и главната книга на дипломирани студенти„ во рамка.

(4) Образец бр. 10, кој што се протега на две страници, содржи податоци за студентот: реден број; реден број од матичната книга на запишани студенти на втор циклус на студии/година на запишување; број на досие; презиме, средно име и име на студентот; датум и место на раѓање; пол; етничка припадност; државјанство, име на студиската програма; стручен/научен назив со кој се стекнал дипломираниот студент; назив на одбранетиот стручен труд или магистерски труд, име и презиме на менторот на магистерскиот труд односно на стручниот труд, датум на одбраната на магистерскиот труд односно на стручниот труд, број и датум на дипломата; број и датум на додатокот на дипломата; среден успех; стекнати ЕКТС кредити; вкупен број на ЕКТС кредити кои студентот ги стекнал од прв и втор циклус на студии, корисник на стипендија, од кого ја прима и од кога; корисник на кредит и од кога; потпис на студентот и датум на прием на дипломата и додатокот на дипломата. На долниот дел од страницата стои текстот: „Образец бр. 10, „ГЛАВНА КНИГА НА ДИПЛОМИРАНИ СТУДЕНТИ НА ВТОР ЦИКЛУС НА СТУДИИ" пропишан со Правилникот за формата и начинот на водењето (во материјална и електронска форма) и содржината на матичната книга на запишани студенти и главната книга на дипломирани студенти" во рамка.

(5) Главната книга за дипломирани студенти на втор циклус на студии е со црвена боја на корицата и со златно писмо и содржи 100 листа, односно 200 страници, од кои првата страница е како што е опишана во овој член, од втората до триесет и првата е Образец бр. 9, а од триесет и втората до последната е Образец бр. 10. Сите страници на книгата се нумерирани со арапски броеви во долниот десен агол.

Член 11

(1) Главната книга на дипломирани студенти на трет циклус на студии на корицата содржи грб и име на Република Македонија и назив: „ГЛАВНА КНИГА НА ДИПЛОМИРАНИ СТУДЕНТИ НА ТРЕТ ЦИКЛУС НА СТУДИИ".

(2) Првата страна содржи грб и име на Република Македонија, грб и име на високообразовната установа, лого и име на единицата во состав на високообразовната установа, и назив: „ГЛАВНА КНИГА НА ДИПЛОМИРАНИ СТУДЕНТИ НА ТРЕТ ЦИКЛУС НА СТУДИИ".

(3) Образец бр. 11 содржи назив: „ГЛАВНА КНИГА НА ДИПЛОМИРАНИ СТУДЕНТИ НА ТРЕТ ЦИКЛУС НА СТУДИИ" и податоци за студиските програми: реден број, назив на студиските програми, насоки/модули, ЕКТС кредити кои се стекнуваат со завршување на програмата, вкупен број ЕКТС кредити кои се стекнуваат на првиот, вториот и третиот циклус на студии, научен назив кој се стекнува со завршување на програмата. На долниот дел од страницата стои текстот: „Образец бр. 11, „ГЛАВНА КНИГА НА ДИПЛОМИРАНИ СТУДЕНТИ НА ТРЕТ ЦИКЛУС НА СТУДИИ" пропишан со Правилникот за формата и начинот на водењето (во материјална и електронска форма) и содржината на матичната книга на запишани студенти и главната книга на дипломирани студенти" во рамка.

(4) Образец бр.12, кој се протега на две страници содржи податоци за студентот: реден број; реден број од матичната книга на запишани студенти на трет циклус на студии/година на запишување; број на досие; презиме, средно име и име на студентот; датум и место на раѓање; пол; етничка припадност; државјанство, име на студиската програма; научен назив со кој се стекнал дипломираниот студент; назив на одбранет докторски труд, име и презиме на менторот на докторскиот труд, датум на одбраната на докторскиот труд; број и датум на дипломата; број и датум на додатокот на дипломата; среден успех; стекнати ЕКТС кредити; вкупен број на ЕКТС кредити кои студентот ги стекнал од прв, втор и трет циклус на студии, корисник на стипендија, од кого ја прима и од кога; корисник на кредит и од кога; потпис на студентот и датум на прием на дипломата и додатокот на дипломата. На долниот дел од страницата стои текстот: „Образец бр. 12, „ГЛАВНА КНИГА НА ДИПЛОМИРАНИ СТУДЕНТИ НА ТРЕТ ЦИКЛУС НА СТУДИИ" пропишан со Правилникот за формата и начинот на водењето (во материјална и електронска форма) и содржината на матичната книга на запишани студенти и главната книга на дипломирани студенти" во рамка.

(5) Главната книга за дипломирани студенти на трет циклус на студии е со црвена боја на корицата и со златно писмо и содржи 100 листа, односно 200 страници, од кои првата страница е како што е опишана во овој член, од втората до триесет и првата е Образец бр. 11, а од триесет и втората до последната е Образец бр. 12. Сите страници на книгата се нумерирани со арапски броеви во долниот десен агол.

Член 12

(1) Матичните и главните книги се со тврд повез и сите страници се поврзани со емственик залепен на внатрешната страна од задната корица со два црвени восочни печати на министерството надлежно за работите на високото образование.

(2) На внатрешната страна од предната корица на матичните и главните книги стои централно поставен, со големи букви, следниот текст: „Оваа книга претставува архивска граѓа од трајна вредност и нејзиното уништување било во целост или нејзин дел, како и неовластено преиначување на податоците внесени во книгата, претставува кривично дело казниво според Кривичниот законик".

Член 13

(1) Матичните и главните книги се водат педантно и уредно со темно сино мастило.

(2) Во матичните и главните книги не се брише со коректор, не се прецртува на начин на кој што прецртаниот текст нема да е читлив, не се кинат цели или дел од страниците, не се оставаат празни графи или страници и не се дуплираат или прескокнуваат редни броеви.

(3) Доколку треба да се направи исправка на техничка грешка (буква, бројка или слично), згрешениот податок се прецртува со тенка црвена линија со црвено мастило по должина при што прецртаниот податок останува читлив, а над згрешениот упис, во истата графа се запишува точниот податок.

(4) Доколку определен упис во главната или матичната книга треба да се поништи, истот се прави со поништување на целото поле со тенка црвена линија со црвено мастило од долниот десен агол до горниот лев агол. Се поништува секое поле поединечно. На маргината покрај поништените графи се пишува датумот на поништување, потпис на овластеното лице за водење на книгата и потпис на овластеното лице на високобразовната установа.

(5) Доколку дојде до прескокнување на страница, тогаш прескокнатата страна се поништува со црвена линија со црвено мастило од долниот десен агол до горниот лев агол на страницата, се пишува датумот на поништување, потпис на овластеното лице за водење на книгата и потпис на овластеното лице на високобразовната установа.

(6) За поништувањето на упис или страница се составува службена белешка од страна на лицето овластено за водењето на главната и матичната книга и од овластеното лице на високообразовната установа се заверува со округол печат на високообразовната установа, се заведува во основниот деловоден протокол на високообразовната установа на истиот ден кога е направено понишувањето и оваа службена белешка се архивира како архивска граѓа од трајна вредност.

(7) Доколку високообразовната установа не расплага со некој податок во моментот на уписот, во соодветното поле се става ознаката „н/п".

во сила не може да преминат од една на друга високообразовна установа додека трае постапката за дициплинска одговорност, односно додека не заврши дисциплинската санкција која им е изречена.

(4) Високообразовната установа на која сите места утврдени со квотите за упис на студенти биле пополнети во текот на уписниот рок, не може да запишуваат студенти по затворање на матичната книга.

(5) Како оправдани причини од став 2 на овој член поради кои одредени студенти не успеале да се запишат во матичната книга во првиот термин на затворање се сметаат: болест, за што студентот доставува отпусна листа, односно отпусно писмо од болничко лекување за периодот за времетраење на терминот за запишување; смрт на потесен член од семејството, за што студентот доставува извод од матичната книга на умрените, незавршена постапка за нострификација на сведителства и дипломи стекнати во странство.

(6) При запишувањето на студентите од ставовите 1 и 2 на овој член високообразовната установа покрај бројот со кој студентот се запишал ги користи и редните броеви за евиденција и бројот на досието од високообразовната установа од која доаѓа студентот или на која исто така е запишан.

(7) Запишувањето на студентите од ставот 2 на овој член е по претходно добиена писмена согласност од страна на министерството надлежно за работите на високото образование, за што високообразовната установа доставува образложено барање со доказ/и, како и писмена изјава дека на високообразовната установа има непополнети места утврдени во квотите за запишување на студентите.

(8) Комисија формирана од страна на министерот надлежен за работите на високото образование оценува дали барањето од став 7 на овој член е основано и врши проверка дали на високообразовната установа има непополнети места утврдени во квотите за запишување на студентите. Комисијата е составена од три члена од кои два члена се од Државниот просветен инспекторат и еден член е од министерството надлежно за работите на високото образование.

Член 16

(1) Матичната и главната книга се затвара со потцртување под последниот запис по целата ширина на страницата, и во првата наредна графа се пишува последниот број со кој што е извршен упис и се констатира дека нема пропусти и грешки во водењето на книгата, односно пропуштени графи, нема пропуштени страници, нема пропуштени или дуплирани броеви во нумерацијата.

(2) Доколку има некој пропуст или грешка наведени во став 1 на овој член, истото се констатира описно на затварањето, односно се забележува кај кои и кај колку уписи има корекции и поништувања.

(3) На крајот се става датум на затварањето на книгата, се потпишува одговорното лице на високообразовната установа, се става печат на

високообразовната установа и се потпишува директорот на Државниот просветен инспекторат и се става печат на Државниот просветен инспекторат.

(4) Затварањето се врши во просториите на високообразовната установа.

(5) Матичните и главните книги се затвараат кај секој од образците во книгата.

(6) По затварањето на матичната книга и главната книга во истите не се врши никаква корекција на внесените податоци.

Член 17

(1) Матичните и главните книги се користат до нивното исполнување.

(2) На почетокот од годината, на горната маргина се запишува календарската година за која што се води книгата и тоа на првата наредна слободна страница.

(3) Доколку се останати премалку страници, истите се поништуваат согласно одредбите на член 13 од овој правилник, при што на последната страна од секој образец се потпишува од одговорното лице на високообразовната установа и се става печат на установата.

Член 18

(1) Започнувањето на внесувањето на податоците во матичната, односно главната книга започнува со број кој е наредeн од последниот внесен број од претходната матична, односно главна книга (пренос на број).

(2) Доколку во текот на годината се исполни еден од обрасците од книгата, водењето се продолжува во нова книга.

(3) Во случај од ставот (1) на овој член, во првата наредна слободна графа, односно на маргината од послената страница од образецот што е пополнет се пишува: „ПРОДОЛЖУВА ВО КНИГА 2 ЗА ХХХХ ГОДИНА„ се запишува датумот, се потпишува одговорното лице на високообразовната установа и се става печат на установата. Двата обрасци во една книга се затворат во ист ден.

(4) Пополнетата книга се доставува заедно со барањето за нова матична, односно главна книга до Државниот просветен инспекторат.

(5) Од страна на директорот на Државниот просветен инспекторат се потпишува последната страницата каде што е потпишано одговорното лице на високообразовната установа и се става печат на Државниот просветен инспекторат, книгата се враќа на високообразовната установа, и се издава нова.

(6) На книгата која се започнува согласно одредбите на овој член, на првата страна од секој образец, на горната маргина се пишува: „КНИГА 2 ЗА ХХХХ ГОДИНА".

Член 19

(1) Матичните и главните книги печатени од страна на министерството надлежно за работите од областа на високото образование им се даваат на високообразовните установи.

(2) На денот на подигање на главните и матичните книги, на внатрешноста од задната корица се запишува датумот на подигање, се потпишуваат одговорното лице на високообразовната установа и директорот на Државниот просветен инспекторат и се става печат на високообразовната установа, односно и печат на Државниот просветен инспекторат.

(3) Пред добивање на нова книга од министерството надлежно за работите на високото образование, старата се доставува на увид до Државниот просветен инспекторат, при што последната страна од секој образец се потпишува од страна на директорот на Државниот просветен инспекторат и се става печат на Државниот просветен инспекторат.

Член 20

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и начинот на водењето (во материјална и електронска форма) и содржината на матичната книга на запишани студенти и главната книга на дипломирани студенти („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/11, 3/12, 46/12, 105/16 и 176/16).

Член 21

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.20-6816/1
31 мај 2018 година
Скопје

Министер за образование
и наука,
д-р Рената Дескоска, с.р.